СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 52-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26.IX. 1996 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД

ДИСНУТАНТИ :

-ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА-

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 39, 41
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 31
3. ГАЈТАНОВСКИ ИЛО - 38, 46 (зам.мин.за В.работи)
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 2, 3, 26
5. КАРОВ ИЛИЈА - 52
6. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 12, 21, 51, 57
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 6, 8, 11
8. ЗИБЕРИ НАСЕР - 3 ( мин.за труд)
9. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 38
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 21
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 24
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седница )
13. ПАРАКЕОВ НИКОЛА - 5, 25, 42, 49, 55, 58 (мин.за земјоделие)
14. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 9
15. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 17, 18.
16. РАМАДАН ИСМЕТ - 45
17. РИСТЕВСКИ МИТКО - 24
18. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 2
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16, 42
20. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 17, 36
21. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 56
22. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 27, 30
23. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 19, 20
24. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 4, 5, 46, 49
25. ТОДОРОВА СОФИЈА - 17 ( мин.за образов.)
26. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 35 ( мин. за одбрана)
27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 19
28. ШУДОВСКИ ЈОРГО - 14 ( мин,зе сообраќ.)
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 33, 37

- КРАЈ НА СЕДНИЦАТА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од второто продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 септември 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 17,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 52-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Игнатие Богдановски, Атанас Вангелов, Драгољуб Поповиќ, Кенан Хасипи, Љупчо Беличев, Симон Наумоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Минуваме на поставување на **пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Амди Бајрам, Панче Минов, Здравко Стојковски, Илија Гоцевски, Аце Коцевски, Славко Котевски, Сами Ибраими, Слободан Најдовски, Рами Туда, Кенан Хасипи, Слободан Даневски, Газменд Ајдарага, Мирко Лазаревски, Томислав Стојановски, Кире Видимче, Славчо Чапов, Теодосије Паунов,

Зоран Шапуриќ, Петар Талиминџиоски, Мирко Пецов, Панчо Минов, Фаик Абди, Назми Маљичи, Никола Поповски, Александар Јакимовски, Вељо Тантаров, Дане Милошевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Зекир Кадриу, Илија Каров, Сејфедин Харуни, Наќе Стојановски, Исмет Рамадани, Бранко Арсовски, Митко Илиевски, Мирко Трипуновски и Руфи Османи.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања , во врска со истите имаат дополнителни прашања.

Г-дин Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, не се однесува до дополнително прашање туку сакам са1мо една исправка, одговорот што е даден околу електрификацијата на не електрифицирани села не е поставен од Здравко Стојковски како што е даден одговорот туку е поставен од Благој Стојковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со одговорот дали имате дополнителни прашања.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, министри, на 29.о5.1996 година поставив пратеничко прашаше, согласно член 41 од привремениот Деловник за работа на Собранието на РМ, претседателската функција е платена функција. Бидејќи Владата има одговорено колку зема потпретседателот плата во Јавното претпријатие Аеродроми 36 илјади 452 денари, тоа не беше прашањето, туку беше друго. Дали е споиво да потпретседателот кој согласно член 41 од времениот Деловник за работа на Собранието е строго професионална

функција, тоа се однесува и за вториот потпретседател. Така да потпретседателот зема плата и од Собранието и од Јавното претпријатие.

Дополнително прашање до Владата. Дали е ова во согласност со Законот за плати, да се провери?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали претставникот на Владата ќе одговори во врска со ова.

Г-динот Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас се извинувам, но прашањето не беше така поставено. Прашањето беше поставено онака како што е даден одговорот колку изнесува личниот доход.

Инаку што се однесува до споивоста, тоа се знае , тоа е кажано и со Законот и со Уставот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ова е извадено прашање од стенограмот и сигурно е така поставено прашањето. Го читам: "Согласно член 41 од привремениот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија потпретседателската функција е платена функција, строго професионална. Прашањето е до Владата. Колку е платата како советник на г-динот Благоја Филиповски во Јавното претпријатие за аеродромски услуги и другите управни одбори бидејќи се добива впечаток дека платата му е два пати поголема од премиерот на Владата. Тоа е да. Но, треба да се одговори, дали е споива функцијата, дали е споива платата. Еве дополнително, не ме разбравте г-дине министре. Јас кажав, дополнително, дали е ова споиво.

I/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дополнителното прашање беше дали е споиво. Одговор имаше од министерот дека не е споиво.

Барате во писмена форма. (Да)

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

На прашањето поставено до Владата на РМ за тоа каква е судбината на селаните од с. Кременица кои не по нивна вина се иселени од своето матично село Сович и преселени во Кременица, добив одговор што не сум задоволен ни јас ниту тие луѓе од ова село.

Како што е познато пред 40-ет години во село Сович е извршено масовно пошумување на земјиштето. јас не барав да ми каже Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство колку хектари приватно земјиште е пошумено, туку барав да каже Министерството каква ќе биде судбината на во село. Имено, ова село, село Кременица е единствено село во нашава држава кое што нема ни педа земја. Село без земја не е село.

Молам денес министерот да каже што со ова село. Инаку,за потсетување ова село досега живееше од повремено и сезонско вработување во комбинатот Пелагонија. меѓутоа по влошувањето на состојбите во аграрот за луѓето од ова село се помалку има работа и во комбинатот и во околните претпријатија. Ако државата не стави рака ова село ќе мора по втор пат да се сели. Значи, барам одговор, каква ќе биде судбината на ова село или да бараме да се поднесе закон за Кременица.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

По однос на забелешката дека не е барано да се одговори колку површина во селото Солвич е пошумена не е намерата тоа да се кажува во смисла на состојбите со обработливо земјиште за тој регион туку заради тоа да се дообјасни дека со само 5,7 хектари површина која што од индивидуалните земјоделски производители е извршено пошумување не може да претставува 5,7 или окрукло 6 хектари и да е причина населеното место да остане без земјоделски површини и да се поставува прашањето што со тоа село односно што со тоа население.

Но, во секој случај , ја користам оваа прилика да кажам дека една од можностите за подобрување на оваа состојба е и договорот од предвидувањето со трансформацијата на земјоделските организации кои стопанисуваат со земјоделско земјиште 15% од својата земјоделска површина да ја дадат на јавно наддавање под закуп може да биде едно од решенијата за овој регион.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Тантаров дали сте задоволни од одговорот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Најпрво, одговорот не задоволува, инаку што се однесува до прашањето дали на Сович му се одземени само 5 хектари или толку колку што е пошумено иако му се одземени само 5 хектари , а пошумени 50 хектари околу селото, а ова село, сигурно министерот не знае, дека се наоѓа на самата линија на вештачката граница со Грција, господо. Каде да одат, во другиот дел на Македонија, не ги пуштаат таму.

конкретно треба да се каже денес може ли ова село да добие земја или не може да добие земја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор во писмена форма? (Да)

Г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господо, на 45-та седница на 29 мај 1996 година поставив прашаше до Владата на РМ врз основа на претставката која беше доставена од група вработени во Скопската Железарница до пратеничката група на Либералната партија во врска со констатираната кражба во вредност од 170 иљади западно германски марки . Што Владата презела за расветлување на конкретниот случај.

Во одговорот што го добив, ќе морам да кажам на почеток дека иако е доста квалитетен, меѓутоа е само еден сегмент затоа што се работи за дел од одговорот кој е изработен од страна на МВР, морам да кажам дека не е комплетен, затоа што кога се поставува прашање до Владата, јас мислам дека Владата треба да ги активира сите ресорни министерства и служби кои се под контрола на Владата за да се изработи комплетен и потполн одговор.

Посебно е ова доста важно ако се земат во предвид изјавите кои во последно време ги даваше г-динот Серафимовски од Вишот Јавно обвинителство во Скопје кои се потполно спротивни од одговорот кој е составен дел на пратеничкото прашање. Во него се вели: "Со извршените проверки и увидот во документацијата се потврди дека одговорното лице за сервисирање на погонот ладна валалница во Рудници и Железарница - Скопје, во текот на јуни 1993 година

злоупотребувајќи ја службената положба по пат на фалсификување на службени исправи и со помош на сопственикот на приватното претпријатие НГХ од Скопје во име и за сметка на Рудници и Железарница - Скопје од ова претпријатие порачал хидраулични машински делови во износ од милион петсто осумнаесет илјади и осумсто осумдесет денари за што потпишал и испратница број 78/93 од 21.06. 1993 година како да ја примил стоката„.

Врз основа на вака фалсификуваната документација сопственикот на НГХ изготвил фактури и ги наплатил иако ваква стока воопшто не била предадена во магацинот на Рудници и Железарница - Скопје.

По комплетирањето на доказите за стореното кривично дело МВР на 29 .о4.1994 година поднесе кривична пријава против одговорното лице за сервисирање на погонот ладна валалница во Железарница Скопје поради постоење основано сомнение дека е сторител на кривични дела - злоупотреба на службената положба и фалсификат на службена исправа, а против директорот на приватното претпријатие НГХ за кривично дело помагање.

Господинот Серафимовски во дневниот весник "Дневник" на 27 и 28 април 1996 година изјави дека обвинение не може да биде покренато и затоа кривичната постапка е запрена.

II/1 ДВ/НД

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Републичкиот завод за судски вештачења утврдил дека набавените делови од МГХ се вратени во Железарница и понатамошната истрага е прекината.

Од вкупно набавените делови од МГХ, ова е цитат од весникот во Железарница не се пронајдени само 8% од нив, а тоа е само 184 илјади денари или 12 илјади ДМ. Со тоа приказната за него е завршена.

Сами можете да заклучите колкава контрадикторност постои помеѓу наодите од МВР, кои се изречени во вид на тврдења. Во таа смисла јас мислам дека не може да се работи за правна неписменост на господата од МВР, кои работеле на овој случај, за да дадат такви оценки дека се работи за фалсификат и за констатирани и утврдени работи, а Јавното обвинителство да смета дека во недостиг на докази нема потреба од покренување на кривична постапка. Во таа смисла, за да не зборувам поопширно би ја замолил Владата за наредната седница кога ќе имаме пратенички прашања односно во наредниот период, да подготви комплетен одговор во кој. ќе биде вграден и одговорот односно делот од одговорот од Министерството за правда по претходно добиено мислење односно информации од Вишото јавно обвинителство во врска со кражбата во Железарница. Во спротивно, јас лично луѓето кои се обратија со претставка и голем дел од јавноста ќе сметаат дека Владата несакајќи се става како еден вид учесник во сите овие валкани работи кои се случуваат во Скопската железарница затоа што може да се воспостави фактот дека високи владини функционери ја кочат истрагата или заштитуваат одредени луѓе кои се внесени во сето ова, а по системот големите риби ги јадат малите риби, за да бидат заштитени некои покрупни луѓе кои се внесени во целата оваа работа.

II/2

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, очигледно во прашањето имаше коментар кој што, најблаго речено е спротивен на правниот поредок на РМ.

Во самиот одговор односно коментар на почитуваниот пратеник Коцевски се дадени доволно елементи за да се утврди дека пратеникот бара она што е спротивно на законите, за кои претпоставувам дека и тој гласал, на пример за Законот за јавно обвинителство, Законот за судовите, за на крајот да изнесе сосема произволна претпоставка и мислење дека, доколку информацијата што ќе ја добие не ги содржи податоците што ги очекува или што ги пожелува дека на тој начин ќе се констатирало дека високи владини функционери прикривале валкани работи.

Еве што е спротивно на законите а што предлага господинот пратеник да се пренабрегнат и да не се почитуваат.

На база на кривична пријава од МВР постапува Јавното обвинителство како единствен државен орган кој што е самостоен во својата функција и во однос на чија самостојност ова Собрание вложи огромен напор не така одамна туку пред два-три месеци кога го донесувавме законот за измена и дополнуваше на Законот за јавното обвинителство, посебно се инсистираше тоа јавно обвинителство да ги добие сите атрибути на орган кој по своја совест, по своја стручна оценка и врз база на сопствена одговорност, но таа одговорност е пред Собранието само ќе ја врши својата функција.

Ако тоа, постапувајќи во процедура што е пропишано во Законот утврдило дека не постојат елементи за покренување на кривично дело, тогаш не постои никаков начин да може ниту пратеникот, ниту министерот, во случајот и за правда нека е, ниту кој и да е друг, особено полицијата или МВР^да го издвои и оптужи јавниот обвинител за нестручност прикривање на факти, протекционизам или за злоупотреба

својата должност. Се разбира дека пратеникот по својата функција својата надлежност може да покрене прашање за одговорност, може го насочи процедурално и институционално преку создавање на анкетна група и мислам дека би бил најнормален предлогот на пратеникот да се создаде анкетна група и да се испита еден случај за кој самиот изнесе податоци дека на една страна стои огромна проневера, на друга страна стоело комплетно откажување на одговорната функција на надлежниот орган на јавното обвинителство во случајот и од исказот испаѓа дека е замешано и судството, бидејќи истрагата која што почнала, а истрагата почнала пред истражниот судија, истрагата била прекината, истрагата може да се прекине со заклучок на истражниот судија, што значи и судот постапил неодговорно. Значи би било сосема добро или во редот на тој правен поредок да се побара еден таков инструмент на согледување на ситуацијата. Меѓутоа, да се прејудицира ставот дека една страна а тоа полицијата, за која сте става претпоставка дека не е толку неписмена правно, како што се вели, да поднесе пријава за такво кривично дело со толкави размери а од друга страна јавното обвинителство кое инаку е надлежно да ги цени пријавите и да се произнесува во однос на нив и полногласно да запре одредена пријава, да не покрене кривична постапка, или да и даде процедура на одредена пријава во таа смисла и да се отвори на тој начин и истражна постапка и судот е полногласен да ја продолжи истражната постапка или да ја запре исто така истражната постапка, притоа јавниот обвинител откажувајќи се, во случајов и да може да се откаже од постапка, да се тврди дека овие два органи во ситуацијата се поставиле неодговорно споредено со МВР и да се имплицира или подразбере дека тие нешто прикриваат и да се создаде една слика на позитивен јунак во случајот оној што создава кривична пријава и негативен јунак оној што не дава правна процедура, а станува збор за органи кои единствено можат надлежно да ја водат таа

процедура е навистина барање да се кршат основните принципи на законите.

Она што останува како пратеничко прашање во случајот е барањето да се дополни информацијата со повеќе објаснувања и конкретни укажувања што се било направено во истражната постапка, што се било преземено, што се било преземено од страна на јавниот обвинител и евентуално кои конкретни елементи го натерале или создале основа јавниот обвинител да се откаже од натамошниот прогон, е оправдано барање. Тоа Министерството за правда ќе го направи натаму, доколку тоа што е напишано не било доволно, иако сметам, добро за некого е доволно, за некого не е доволно, го признаваме правото индивидуално односно нормално; е да се признае индивидуалното право кога станува збор за пратеник, ќе се дополни. Меѓутоа, да се прејудицира правната постапка на едно јавно обвинителство и на истражниот судија и априори да се квалификува како нејасна матна работа и да се додаваат некакви или некои си високи функционери за заташкување, навистина е надвор од прашањето од логиката на пратеничките прашања, надвор навистина, и од сета аргументација, на се она што беше изнесено од страна на самиот господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас му благодарам на укажувањето на господинот Поповски, меѓутоа морам да му кажам дека тие работи ми се познати затоа што сум учествувал во донесувањето на законите, кои се обидуваше да ги објасни како правна постапка за расветлување на случајот, а поучен од некои искуства од минатото бев доволно умен да се консултирам и со стручната служба за да ме упатат каква е постапката. Без разлика што судската власт е независна власт, јас како пратеник имам право да барам мислења, а тоа Владата ќе си го спроведе преку надлежните ресори. Тоа воопшто не значи мешаше во работата на судската власт

туку едноставно добивање на информации и сознанија за оваа работа.

Овде се поставува едно многу деликатно прашање. Вие сакате тоа да го превидите. Меѓутоа, стилот на кој е составен одговорот на пратеничкото прашање дава толку потврдни одговори на тврдењата кои ги застапуваат вработените во Скопската железарница, што апсолутно се става сомнеж во начинот на водењето на постапката на два, по функциите различни државни органи.

Во овој случај ако е во право да речеме јавното обвинителство, тогаш МВР би требало да го повеќе одговорот кој е даден овде односно тврдењата дека пронашло фалсификување на службени исправи и тн. злоупотреба на службена должност, а посебно ако се земе предвид фактот дека стоката која фактички е украдена, а платена е со компензација на лим, на пример на денешен ден, а вратена е со помош на полицијата како запленета роба, после една година, од која најголемиот дел од вратените резервни делови се стари резервни делови а не нови, не знам дали тука не постојат елементи за кривично гонење. Во таа смисла јас имам право да ставам сомнеж затоа што не сакам да не верувам во тоа што го тврди МВР. Од тој аспект се согласувам со тоа што го рековте на крајот да се обидете да го дополните одговорот на пратеничкото прашање посебно затоа што добив не официјални информации дека таква информација стигнала до Министерството за правда. Меѓутоа, зошто не е вграден во овој одговор заедно со МВР, не ми е познато, можеби и не е точно тоа што до мене стигна како информација.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, драги пратеници, јас не сум задоволен од две пратенички прашања.

II/6

Првото пратеничко прашање беше упатено до Министерството за сообраќај. Тоа е во врска со изградбата на клучката кај село Кажани, каде што во одговорот стои дека не е извршена експропријација.

Јас мислам законот што го донесовме дава можност за оваа клучка да може да се направи и мислам дека тоа е во склоп на обврските на правобранителството и сите кои треба таа постапка да ја отворат мислам дека е на државата. Три-четири години имаат барања овие села а на кои им беше ветувано и со самата изградба на тој магистрален пат Битола - Ресен. Затоа мислам дека тоа прашање треба повторно да се разгледа бидејќи можности има па да им се овозможи на овие 6-7 села да може да излегуваат на главниот пат.

Второто прашање е во врска со изградба на водоводот на село Опеичари.

Во одговорот се вика дека со изградбата на регионалниот водовод Битола - Грчка граница е опфатено и ова село. Меѓутоа, изградбата на тој регионален водовод, секако не ќе може за една година, а најверојатно и за три-четири години да се изгради, што значи ова село што е во и те како тешка ситуација, за тоа јас неколку пати зборував, бидејќи водата не е здрава. Ние тука имавме ангажирано дури и војската со цистерни на два пати или три пати неделно да носи вода. Затоа мислам дека треба да се направат напори, бидејќи и близината е една позитивна страна, повторно кажувам дека до село Кравари од градот Битола веќе е стигната вода, а се работи само за два километри од Кравари до село Оптичари.

Одговорите на двете прашања, бидејќи не знам дали има претставник од Министерството за сообраќај, ако има претставник сакам да ми се даде усмен одговор на првото прашање, а на второто прашање може писмен одговор.

II/7

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ќе се обидам да одговорам и на двете прашања.

Околу првото прашање морам да кажам дека во програмата за изградба на патната мрежа во 1994 година беа предвидени средства за експропријација на имотот и реализацијата околу клучката во Кажани. Но морам да кажам и тоа дека во однос на спогодбата која мораше да се направи тогаш затоа што не постоеше Законот за експропријација бидејќи сеуште не беше донесен, скоро не возможно беше да се направи спогодба со луѓето кои имаа таму имоти. Подоцна дојде законот, но средствата од таа година веќе беа исцрпени за други објекти и за други патни правци затоа што тој патен правец во таа година не можеше да се реализира и во наредните прорами воопшто не беа зацртувани средства за таква намена.

Со донесувањето на Законот за експропријација и со повторно отворање на можност за објектите од јавен интерес да можат да бидат експроприрани, се разбира, повторно со пазарна цена, се отвора можност и најверојатно во наредните програми во 1997 година ќе се оди на експропријација на тој имот и реализација на клучката. Најмал проблем е реализацијата. Проблемот е во експропријација на самото земјиште. Знаете ние се определивме при експропријацијата да ги почитуваме пазарните услови, па затоа најверојатно ќе треба и поголема сума во идната година во програмата да се предвиди за експропријација и реализација на таа клучка.

Што се однесува до водоводот во село Оптичари морам да кажам дека барањето за изградба на водоводот пристигна после распределбата на средствата за 1996 година и она што може подоцна или сега да се интервенира тоа е делот на средства кои се платени за донесување на вода во овој период, ќе се исплати од интервентните

средства во Министерството за урбанизам кои ги има на сметка, онолку колку што ги има, а после тоа ќе видиме, дел од средствата за изградба на водоводи да се пренаменат и да се стават во реализација на овој водовод. Инаку јас кажав и колку да обезбедуваме од овие средства ќе бидат премалку за конечна реализација на водоводот во село Оптичари. Тоа е во регионалниот водовод за кои се потребни огромни средства, средства кои се мерат со милионски суми изразени во ДМ. Така да најверојатно во текот на идната година ќе зацртаме една поголема сума за реализација на овој крак па колку ќе биде можна реализација во метри, во километри на тој водовод, тоа ќе биде реализирано во наредната година.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Во однос на одговорот на второто прашање сум задоволен, меѓутоа за првото прашаше мислам дека експропријацијата нема да биде проблем имајќи ја предвид состојбата, која што ја знам, за имотно - правните прашања, која со тие три четири сопственици веќе е разрешена. Останува уште еден. Значи, зависи од поголемата ангажираност на правобранителството во Битола и мислам дека оваа работа може многу побрзо да се реши, само треба да се направат напори, затоа што мислам дека за еден месец може да се расчисти таа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имате дополнително прашање.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Не ова е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани министри, дами и господа. На 45-та седница поставив две пратенички прашања од кои првото беше дали Агенцијата за приватизација вршела позајмици на одделни стопански субјекти од средства прибрани за приватизација и ако вршела позајмица дали за истите наплаќала камата.

Второто прашање беше исто така во врска со Агенцијата за приватизацијата врз основа на која програма Агенцијата ги трошела прибраните средства од приватизација бидејќи сите знаеме дека согласно законот за приватизација тие средства треба да се трошат врз основа на програма која што Владата ја предлага до Собранието а ја усвојува Собранието на РМ. За 1995 година тоа не е направено.

Одговорот што јас го добив навистина ме зачудува.

Прво, ме зачудува што од страна на заменикот на секретарот Иџет Мемети, со негов потпис се демантираат сите досегашни тврдења на Владата и на Агенцијата за приватизација. Имено се демантира сето она

што досега беше пишувано дека во 1995 година се постигнати значителни успеси на планот на приватизација и прибирање на средствата. Ке прочитам само една реченица, јас барем досега мислев и верував на она што се пишуваше и што изјавуваа претставниците на Агенцијата дека навистина се прибрани големи средства од приватизацијата а овде пишува "Почнувајќи од средината на 1995 година во Агенцијата практично нема прилив на готови средства и сите плаќања што се врз основа на приватизација се вршат во замрзнати штедни влогови, а во поново време и во обврзници". Значи, се побиваат оние тврдења дека минатата година се собрале прилично пари од приватизацијата.

Вториот дел од одговорот повторно ме зачудува, затоа што сметам дека не е така. Повторно ме зачудува со тоа што вели дека очекуваната динамика со приливи за идниот период е уште понеповолна. Не знам зошто некои од претставниците на Владата односно оние кои што го потпишале ова го тврдат, кога на сите ѕвона се најавува дека приватизацијата има голем замав кај нас, дека веќе сме при крај со приватизацијата на грото претпријатија кај нас , а сега се вели дека приливот на средства уште повеќе ќе се намали. За да сето тоа заврши со констатација : "месечните трошоци за редовно работење на Агенцијата се поголеми од месечните приливи". Тоа е еден факт кој што навистина зачудува. Значи ако продолжи Агенцијата вака да работи ќе ствара само загуба на државата.

Тоа е првиот дел и мене навистина ме зачудува ако е вака како што е напишано во одговорот од страна на Министерството за стопанство. Во рамките на ова јас би поставил едно дополнително прашање.

Дали навистина е постапено според законот за приватизација при трошењето на парите од приватизацијата, ова го барам со оглед на тоа што не е усвоена програма од Собрание на РМ.

III/3

Ова би поткрепил и со тоа. Каква контрадикторност. Во првиот дел се вели дека приливи нема, пари нема, а од друга страна се вели вака: "Средствата во висина на проектираните трошоци се чуваат во банки за да не се обезбедат и се трошат постепено во текот на годината. Средствата се чуваат во банки со пазарна камата еднаква како и за сите останати корисници. Банките се избираат по критериуми на голема сигурност", и наведени банките каде што се чуваат средствата. Навистина или некој сака да не направи толку лаици ние што поставуваме прашања па не знаеме, така ни ги даваат одговорите или си мислат дека нема да прочитаме. И денес ми е доставено, па немав можност да ги приберам податоците кои што се однесуваат на оваа проблематика. Сметам дека за наредната седница, со оглед на тоа што моето дополнително прашање ќе се однесува на тоа колкави износи на средства се прибрани од приватизацијата и како се потрошени, сметам дека во овој момент претставниците на Владата не ќе можат на тоа да одговорат барам писмено да ми се одговори.

На крајот сметам дека навистина Собранието годинава ќе треба да го разгледува извештајот за реализација кој беше доставен до пратениците, а зошто уште не е поставен на седница на Собранието е друго прашање.

Би завршил со тоа дека ова јас што го изнесувам, дека парите биле трошени за социјални цели стои во записникот од Комисијата за економска политика и развој се зборови на претставник на Агенцијата за приватизација. Навистина , од сите досегашни констатации и одговорот на прашањето се доведува до една замаглена ситуација на која што тешко ќем ожеме да најдеме одговор.

Се надевам дека на наредната седница ќе добија писмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, на две прашања добив некомплетен одговор и со тоа суштината на прашањето е избегната. Едното е до министерот за образование и физичка култура, а се однесува на укажувањето за забрана на реализирање на ученички екскурзии надвор од земјата каде што прашувам дали ќе бидат преземени соодветни мерки.

Во одговорот стои: "Министерството за образование и физичка култура упати укажување од 7.II. дека матурските и други екскурзии треба да се изведуваат во РМ. За училиштата кои не ги почитуваат укажувањата Министерството ќе преземе соодветни мерки согласно своите надлежности". Јас тоа го барав, да ми биде кажано кои мерки се преземени. На пример во училиштето Н.Н. прекршено е укажувањето и преземена е мерка опомена, парична казна, отстранување и тн. и тн. Мислам дека треба да се комплетира одговорот во интерес на почитување точно на Министерството и законот.

Второто прашање беше до Министерството за финансии - дали постои орган кој врши контрола на трошењето на буџетски средства во единиците на локална самоуправа, еден вид инспекција за јавни расходи, или буџетска инспекција ако постои. Барав информација за нејзината активност.

Одговорот е доста сличен дека во Министерството постои таков орган, се врши контрола и не е дадено одговор кој што мислам дека треба да биде комплетиран со тоа е извршена е контрола на потрошени средства во таа и таа општина, се е во ред, нема прекршоци, нема ненаменско трошење, нема злоупотреба и тн. Ние долго време слушаме за одлуки со кои што се одредуваат нелогично високи дневници, паушали и сл. се доделуваат средства не се користат наменски, се трошат ненаменски за разни други цели и тн. Суштината беше дали државата

има увид. Значи, имаме институција имаме орган барам и во двата случаја да добиеме конкретни заклучоци врз база на обавените активности.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, заради коментарот дека не било одговорено соодветно и јас ќе прочитам. Во прашањето стои: "дали ќе превземени соодветни мерки " , а во одговорот стои дека ќе преземеме соодветни мерки. Значи прашањето не е кои мерки ќе се преземат. Ако сега се дополнува прашањето тогаш ќе добиете дополнителен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро прашањето се дополнува.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи во прашањето не беше доволно прецизирано за извештајот околу извршените контроли дополнително ќе ви ги доставиме податоците.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господо, на седницата одржана на Собранието на РМ на 29 мај 1996 година, поставив прашање. Врховниот суд на Македонија донесувал став да камата на камата не се пресметува, кој став наводно се применува од 7 мај 199 6 година. На тоа прашање ми е дадено одговор на кој што поставувам потпрашање односно дополнително прашање - дали ваквиот став на Врховниот суд на Македонија е уставен и законит. Дали може да се применува? Тоа е прво на што не ми е одговорено.

Второ, до 7 мај 1996 година СОК, порано а покасно Заводот за платен промет ги извршува судските решенија, одлуки и пресуди како што е во пресудата - наплатува камата на каматата во време на поголемата инфлација кога беше 25 , 30 и 20% месечна камата. Таа

камата се пресметуваше месечно а потоа на месечната камата наредниот месец каматата се додава на главницата и на главницата се пресметува камата со што има камата на камата. Тоа го направија организациите на кои што му беа извршни решенијата кои што имаа на жиро сметките средства, се исплатија таквите средства, меѓутоа на решенија на организации на кои сметките им беа блокирани не можеа да се исплатат средствата останаа и ден денес стојат во Заводот за платен промет неизвршени. Се прашувам дали судското решение ќе се изврши онака како што е донесено односно пресудата или нема да се пресметува камата на камата, значи на редовната камата.

Исто така потпрашање е што и денеска банките и другите организации пресметуваат камата на камата. На месечната камата се пресмета, наредниот месец станува главница и се пресметува на таа камата.

Овие потпрашања по ова прашање произлегуваат и од таму што доста организации субјекти отидоа под стечај, под ликвидација им се нанесоа проблеми и токму поради тоа што им се пресмета прилично висока камата. Колку е тој износ не знам и сигурно не ќе можете да ми одговорите ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ве молам. Дополнителното прашање господине.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Дополнителното прашање е камата на каматата дали и натаму ќе се применува, дали е уставно и законито тоа што го донел Врховниот суд на Македонија.

Од ова прашање произлегуваат доста потпрашања кои што решенија стојат во платниот промет, не се извршуваат решенијата. Дали натие ќе им се плати камата на каматата и дали ќе се врати што е пресметана и наплатена камата на каматата на субјектите и од банките што наплатиле во изминатиот период.

Тоа е прашањето, но затоа што е прилично опширно барам дополнителниот одговор да биде во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не знам дали некој од Владата може да одговори сега, затоа што е ова во надлежност на судот или на Уставниот суд до колку се сомневаме дали е нешто во склад со Уставот.

Поминуваме на поставување на нови пратенички прашања.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, сакам да поставам две прашања.

Прво, што презема Владата на РМ во делот на привлекување на странски инвестиции.

Второ, на кои земјоделски производи Владата на РМ ќе утврди заштитни цени и во кој износ.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Се обраќам до Владата на РМ со следното прашање.

По распадот на СФРЈ, по заминувањето на ЈНА нашиот граѓанин Абдулџемил Алијмани од с. Боговиње тетовско сеуште се наоѓа во нишкиот затвор, осуден во врска со случајот во касарната во Параќин од 1987 година.

Со оглед на фактот дека е наш државјанин се обраќам до Владата на РМ преку надлежните органи на нашата држава да се направи постапка за екстрадикција на овој наш граѓанин за издржување на останатиот дел од казната во Казнено поправните домови на РМ.

Одговорот го барам на писмено.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и министри,

Првото прашање до министерката за образование.

Во с. Лабуништа или сега општина Лабуништа присуствував на еден собир на вознемирени граѓани околу прашањето на обезбедувањето на учениците во станбените згради поради

прокиснувањето на крововите и сите услови на сместување. Бидејќи имаше најава за откажување на учениците од одење на училиште го поставувам прашањето за вашето ангажирање, за мерки и активности кои што Министерството за образование планира или треба времено да ги преземе, мерки и активности што треба да ги преземе за трајно решавање бидејќи во оваа населба се школуваат околу 3200 ученици што многу делува на спроведувањето на стандардите на Законот за основно образование.

Ова прашање го поставувам добронамерно за да би ги превенирале проблемите кои што го притискаат Министерството за образование од оваа сфера.

Второто прашање е до агенцијата за развој на недоволно развиените краишта.

Дали и зошто е стопирана изградбата и реконструкцијата на водоводната мрежа во населбата Вевчани.

Второ, дали и зошто е стопирана изградбата на водоводот во населбата Подгорци - општина Струга.

Трето прашање до ПТТ Македонија.

Дали е стопирано воведувањето на телефонијата во населбата Долни Дримкол и тоа во селата Пискупштина, Нерези, Безего, Луково бидејќи дел од тој проект во делот Долни Дримкол е завршен.

Четврто прашање, бидејќи ридско планинскиот дел Долни Дримкол доби општина го поставува и го актуализирам прашањето на решавање на инфраструктурниот проблем патот Бороец - Јабланица, Јабланица - Незери за да се створи една поблагопријатна состојба за подобро функционирање на општината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор во писмена форма.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Да.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ**

Почитувани пратеници, почитувани министри, г-дине претседателе. Прашањето гласи а на адреса е до Министерството до урбанизам, развој и финансии. До која фаза се активностите за регионалниот проект и хидро - систем "Злетовица". Причините практично произлегуваат од степенот на готовноста на проектната документација како ниво на изработеност, второ, заклучокот на Владата за поддршка на проектот "Злетовица" и трето, задолженијата на споменатите ресорни министерства.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, пратеници, и претставници на Владата. Целата јавност е информирана дека средствата за јавното информирање дека штетата од невремето што го зафати делот од Преспа, односно подрачјето на Долна Пресма. На подрачјето на Преспа на ден 23.09. во претпладневните часови ја зафати силно невреме проследено со обилни врнежи од дожд, град, силен ветер, при што нанесе огромна штета на земјоделските култури, а особено на јаболката што се наоѓаат во фаза на берба. Од ова невреме настрадаа околу 300 ха. јаболкови насади, а најмногу штети има во местото Дупени, Наколец, Љубојно, Брајчино, чиј процент изнесува од 15-80% оштетување на јаболковиот насад. Морам да кажам дека земјоделците се загрижени а преку 80% луѓето живеат од јаболковиот производ и е во фаза кога овој производ земјоделците веќе го немаат. Во текот на вчерашниот ден јас присуствував лично таму, го посетив ова подрачје што беше зафатено од силното невреме и навистина глетката беше повеќе од стравична од направената штета од невремето на ова подрачје. Во разговор со месното население и сите жители земјоделци во чиј очи грееше само

очајот, нивниот производ засекогаш во оваа година веќе го немаат и од тој аспект е нивната загриженост зашто од сите неприлики што се случија во Преспа бара неопходно да се вклучат сите инструменти на Владата посебно на Министерството за земјоделство, да ги преземат сите мерки и да насправат се она што е во рамките на помош за намалуваше на последиците на ова подрачје. Уште повеќе како фактор еден што во периодот кога беше невремето во претпладневните часови не можеше да се исфрлат градобијнтие ракети, информација од Центарот за известување на ова подрачје бидејќи подрачјето се наоѓа на Авиот сообраќајот на потегот спрема Албанија и Грција, така да беа спречени да ракетираат и да го намалат ризикот.

Заради напред изнесеното и заради огромните штети што се намалени на производителите го поставувам прашањето до Владата на РМ и ресорното министерство да се испитаат сите можности за обезбедување на средства за ублажување на последиците од невремето или за некоја друга помош, а доколку ја нема и ако ништо не е преземено, час поскоро да се преземат. Инаку да кажам на теренот работи општинска комисија која ги проценува штетите и ги собира резултатите од невремето кои за неколку дена ќе бидат познати. Уште еден апел после оваа стихија од невремето за неопходна помош на ова население на подрачјето на Долна Преспа.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Навистина прашањето што беше поставено во реонот на Ресен во неколку населени места е претрпен голема штета и веќе во самото прашање беше формулирано дека екипи и стручни екипи работат на

теренот за утврдување на штетите, обемот и интензитетот се направени од невремето. Истовремено е постигната согласност и мислам дека во текот на денешниот и утрешниот ден, фабриката во Царев Двор за преработка на овошје ги отвора вратите токму заради овој случај и производителите ќе можат она што вреди на преработка да го однесат, ќе биде примено, со што ќе се намалат штетите, а после добивањето на резултатите од екипите, сите можности кои практично и досега биле преземани и се жористени во вакви и слични ситуации, Владата ќе земе предвид.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, господа министри, има ама малку.

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски.

Кога ќе се гради патниот правец Дивле - Гуриште – Свети Николе.

Второто прашање е до истото Министерство за патниот правец Немањиц - Мечкуевци - Куково, кое е поврзување со општина Пробиштип. А првиот патен правец е поврзување со општина Скопје со главниот град на Републиката, скратување на патниот правец за 40 км. Проблем како што кажуваат луѓето од Министерството за сообраќај се наметнува во Министерството за одбрана бидејќи проблем е кабелот, но еве поминува 10-та година како е зацртан овој патен правец и не се гради. Прашањето е кога ќе се гради.

Второто прашање е до Владата на РМ, а се работи за државјанка на РМ и по извршното судско решение минува 4-та година детето е киднапирано буквално во општина Тетово, мајката не може да си го види детето. Не знам дали Собранието треба да формира анкетна комисија.

И третото прашање дали пратениците знаат дека вработените во Собранието примаат личен доход, тоа е техничкиот персонал, се работи за 33 вработени во Собранието на РМ кои имаат помалку од 4.000 денари, а разликата до загарантираниот личен доход од 6.365,00 се плаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На тоа сигурно Владата не може да одговори.

Има збор г-динот Мирко Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Првото прашање се однесува до Министерството за сообраќај и врски, а се однесува за новоформираната општина Теарце со 25 илјади жители и телефонска централа со инсталирани околу 2000 броја, приклучоци, исклучувајќи го селото Неражде ќе припаѓа на друга телефонска централа. Она што е направено во однос на ПТТ сообраќајот е добро, но не ги задоволува потребите. Меѓутоа, постои еден друг проблем и тоа за претплатниците од Теарце кои што плаќаат сигурно големи телефонски сметки, не може директно да го бираат саканиот телефонски број, туку мора да бараат излез на единица, не баре се наоѓаат во хотел, а оние кои ги бараат од надвор добивањето може да го направат после упорни најмалку 20 барања.

Прашувам кога ПТТ ќе "изврши промена на овој тип застарена телефонска централа во вакво најфреквентно телефонско подрачје во земјава.

Второто прашање е до истото министерство. На сите вам ви е познато дека патот Тетово - Скопје е најоптоварен пат во Републиката, не според субјективни критериуми, туку според европски мерила. И прашувам, дали постои можност за растоваруваше на оваа делница со изградба или доградба на патот Скопје - Радуша, Јегуновце - Тетово, преку кој директно би се поврзал Скопје со една туристички еколошки најатрактивна општина Вратница, во која фаза е таа доградба на патот Скопје - Радуша и дали постојат можности за неа.

Последното прашање до Минситерството за образование и физичка култура.

Прашањето е актуелно и го поддржува мојот колега Бранко Арсовски. Пред една година во септември 1995 година донесовме закон аз основно и средно образование што е објавен во Сл. весник на РМ бр.44/95. Во Законот за основно образование во член 79 и во Законот за средното образование член 65 стои дека распоредот на работното време на учителите, наставниците, професорите и стручните работници - воспитувачите во рамките на 40-часовна работна недела во основните и јавни средни училишта се утврдува со нормативи што ги донесува министерот, сигурно во согласност со Законот. А почетокот и завршувањето на работното време т.е. користењето на дневниот и годишниот одмор се утврдува со Статут на самото училиште. Ништо невообичаено. Меѓутоа, врз основа на овие споменати закони во јуни оваа година министерот за образование и физичка култура донесе правилник за распоредот на работното време на кои споменативе

работници, како и правилник за нормативите за распоредот на работното време на наставниците и стручните работници во јавните средни училишта Сл .весник на РМ бр.27/96. Остварувањето на ваквите законски одредби и на правилниците би било во ред ако на тие просветни работници кои сега ќеречам, во наградувањето се на ниво на просечна плата на Републиката или нешто подолу, зборувам за основното, бидејќи немам релевантен податок за средното, во текот на задолжителното работно време не им се обезбедуваат и соодветни услови, простории, каде рационално ќе го користат остатокот од работното време. Според правилникот што е донесен, од одржаните 4-5 часа во училниците, по интензивно работно ангажирање. Во постојните простории и други услуги во тие училишта учителите и наставниците се принудени тоа време да го минат во училници кои што се евентуално празни меѓу две смени претпладневна и попладневна, а потоа во канцеларии ефективно со 15-20 па и повеќе свои колеги во кои најмалку ја остваруваат функцијата на воспитно - образовниот процес, да разговараат со родители со послаби ученици, подобри, да ја унапредуваат наставата и тн. Сето тоа доведува да создадеме една колективна психоза дека воспитувањето на нашите деца а вистинската цел на предлагачот и доносителот на законите не се исполнува затоа што нема услови.

Прашувам, дали министерот за образование и физичка култура ќе предложи измена на наведените правилници изнаоѓајќи друго пофлексибилно решение за да се постигне целта на законите, посебно имајќи ги предвид при постоењето на услови за извршување на работи и работните задачи вон процесот на предавањето за време на часовите со учениците.

Бидејќи министерот за сообраќај не е присутен, одговорот ќе биде во писмена форма, а ако министерката има образложение може, а ако не и тоа писмено.

Прашањето беше дали се има согледувања и намера да се изврши интервенција во донесениот правилник околу користењето и организацијата на работното време.

Засега нашите согледувања не упатуваат да извршиме корекции. Не велам со дополнителни согледувања нема да се јави потреба за некакво ревидирање, преиспитување и некаква корекција. Воопшто со донесениот закон за основното и средното образование се вршат суштински измени во воспитно- образованиот процес со разбивање на онаа монолитна структура само на задолжителни предмети и воведување на една поинаква структура и композиција на дополнителна настава, додатна настава, факултативни активности, избор на предмети. Значи, низа содржини низ кои може да се осмислат 6 часа работно време што сега според правилникот наставниците треба да го минат во училиште. Значи, сега напорите треба да се насочат во таа насока. Ние навистина имаме и до сега позитивни примери, а тоа е различно од училиште во училиште. Сигурно и условите на некој начин го диктираат тоа осмислување, но во еден добар дел на училишта каде што се јавува и поголема инвентивност и креативност на директорот на колективот во училиштето се успева да се направи, една навистина солидна програма за осмислување на ова време, во контакти и со родителите покрај ова што го набележав и други активности. Оттаму одговорот би бил дека засега немам намера да го променам вака донесениот правилник.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Мислам дека моето прашање беше точно одговорот на тоа. Не беше мојата цел да кажам дека постигнати резултати. Јас ги ценам и ги

почитувам, но мора на едно да одговориме јасно дека немаме сегде исти услови, немаме сегде исти услови, а ги ставаме под ист аршин тие што имаат и што немаат. Едните колективно се договараат во наставничките канцеларии, а другите кои што имаат кабинети можат да го спроведуваат правилникот. Тоа е квалитет. Затоа, од вас побарав флексибилност во таа работа таму каде што дозволуваат условите, натаму каде не дозволуваат да има примена на правилникот соодветно на условите, затоа што изгубеното време на овие луѓе кои што работа во просветата на непродуктивност лошо се одразува во воспитно - образовниот процес, а има и такви примери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, Уставот е донесе пред 5 години, а членот 77 од Уставот гласи: дека Собранието избира народен правобранител, институција која ги штити правата, односно уставните и законски права на граѓаните кога тие права се повредени од страна на државните органи или други органи и организации кои вршат јавни огласувања. Потоа, Уставот вели дека условите за избор и разрешување од надлежностите и начинот на работата на оваа институција се уредува со закон. Досега немаме ниту закон ниту избор на таа институција која е многу важна посебно во демократските земји и која што има голема улога во тие земји и ако овој орган утврди во предвидената постапка во соработка со другите органи, државни органи одредени повреди мислам дека одговорноста е

неминовна било за орган било за функционер кој раководи со управен орган или друг орган или организација кој вршат јавни овластувања.

Оваа институција е најважната жица аз спречување на самоволието волонтаризмот арбитаризмот злоупотребите и тн.

Пред неколку месеци овде беше предложен еден закон и ние кажавме дека заклучокот беше дека треба да се оди со нацрт закон, а од тоа досега ништо. Што прави министерството односно Владата.

Второто прашање е - с. Чегране и Форино имаат околу 13 илјади жители без водоводна мрежа со многу лош квалитет на вода. Тие во текот на 15 год. два пати по референдумска основа платиле во рамките на целата општина за таа цел, но тие пари се потрошени само во градот и фактички положбата е катастрофална. Нешто се работи од страна на јавното претпријатие Водовод со соработка на општината, меѓутоа, таа работа е до ниво на проекти и ништо повеќе. Прашањето е што и како мисли надлежното министерство да го реши ова прашање.

V/1/РД/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На првото прашање јас ќе ви одговорам. Бидејќи законот е донесен, Собранието го утврди како нацрт, е предложен од пратеник во Собранието и чекаме сега во собраниска процедура во последна фаза.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Најпрвин би сакал да кажам дека е добро што после три четири месеци кончено имаме прилика да поставиме пратенички прашања , бидејќи поставувањето непотребно го одолговлекувавме.

Имам две прашања до Министерството за внатрешни работи.

Имено, согласно член 72 од Законот за Министерството за внатрешни работи, предвидено е дека вработените со посебни овластувања и одговорности, како и работници кои работат во отежнати околности имаат право за надомест за зголемување на платата за 30%. Во практиката сеуште тие го немаат тоа остварено, иако е поминато веќе 2 години од тој закон. Исто така, второто прашање е во врска со ова условите на вработените во министерството за внатрешни работи, до каде е со потпишувањето на општиот колективен договор за вработените во Министерството за внатрешни работи со кој би се регулирале нивните права и обврски, односно би се регулирала нивната прекувремен работа, бидејќи знаеме дека најголем дел од вработените во Министерството за внатрешни работат во многу отежнати околности, односно достигнуваат месечно до 250 часа и повеќе работа, а за тоа не добиваат никаков надоместок, ниту пак добиваат слободни денови.

Следното прашање е до Министерот за одбрана до каде е донесувањето на Законот за служба во вооружените сили и кога ќе влезе во Владина, односно Собраниска процедура. Имено овој закон е веќе подолго време најавен, а нужен е неопходно бидејќи остануваат нерешен некои прашања на воените лица и на граѓанските лица во служба на Армијата на Република Македонија?

V/2.-

Следното прашање е до Министерството за финансии односно за Владата. Согласно ограничување на буџетските средства оние општински собранија кои што остварија вишок на буџетски средства со одлука на Влада им беше дозволено дел од тие средства да ги употребат, односно да ги пренаменат за одредени комунални проблеми.

Во Собранието на општина Кисела Вода, согласно таа одлука и согласно заклучоците на Собранието се одобрени средства за повеќе комунални објекти за изградба на неколку локални водоводи пред се во 3 елениково, Ракотинци и Сопиште, фекалната канализација во село Драчево, асфалтирање на патеките во населба Лисиче, проектот за канализација во Долно Лисиче и уредувањето на скривниците на улица Мегленска во Црниче и скривниците во населбата Пржино. Голем дел од овие барања на Собранието на општина К.Вода се доставени навремено во Министерството и еден мал дел од тие средства се префрлени, иако барањата се поднесени уште во јуни или јули месец.

Конкретното прашање до Министерството е кога ќе бидат префрлени тие средства, бидејќи на неколку дописи на овластени лица од Собранието на општина Кисела вода, Министерството воопшто не одговорило и прашањето е кога ќе бидат префрлени тие средства и по кој критериум и по кој редослед се упатуваат, бидејќи имаме сознание дека во некои општини многу порано се исплатени. Дали е причината на различна партиска припадност на некои луѓе од Министерството за финансии и во одредени општински Собранија за доцнењето, бидејќи во некои општини тоа е одамна направено.

Четвртото прашање е до Владата на Република Македонија. Минатата година пред ребалансот на буџетот пратеничката група на Либералната партија даде амандман со кој бараше да се исплати заостанатиот К15 за горниците на буџетски средства. Тогашниот министер за финансии ни кажа дека е тоа забрането од меѓународните институции итн., а неодамна беше најавено дека тој К-15 ќе биде

исплатен за минатата година ретроактивно за корисниците на буџетски средства и прашањето е "Дали и кога ќе биде исплатен заостанатиот регрес за К-15"?

Исто така имам едно прашање слично како што беше веќе најавено од некои пратенициимено, прашањето е до Владата, Зошто одредени јавни претпријатија имаат различен пристап при пресметување на камати. Едни јавни претпријатија, како што е електростопанство не пресметуваат после мислењето на Врховниот суд камата на камата додека другите јавни претпријатија и покрај ова мислење на Врховниот суд вршат пресметување на затезна камата на стар начин. Значи конкретно прашањето Зошто одредени јавни претпријатија вршат различно пресметување на камата, односно по различни методи?.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитуван г-претседателе, почитувани пратеници по донесувањето на законот за одбрана прашањето за служба во вооружените сили беа регулирани со подзаконски акт донесен од страна на министерот за одбрана во согласност со член 46 од Законот за одбрана. По укинувањето на член 46 од Законот за одбрана се јави потреба од регулирање на оваа проблематика со донесување на соодветен закон. Со оглед на тоа што прашањето беше до каде е состојбата со донесувањето на Законот Ве информирам дека Законот е подготвен, се наоѓа во Владина процедура на расправа на Владините комисии, може да очекуваме наредниот понеделник, или евентуално понеделникот после него Владата да го утврди и да влезе во Собраниска процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со К6ментарот на г-динот Шапуриќ дека после три месеци имаат можност пратениците да постават пратенички прашања сакам да информирам дека пратенички прашања се поставувани на 50-тата седница на 27 август.

V/4.-

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сакам да одговорам на првото прашање кое што се однесуваше до Министерството за финансии, а во врска со остварениот вишок по пресметката за 1995 година за општина К.Вода.

Имено за 1995 година Кисела Вода искажа повеќе остварени средства од; тоа што беше предвидено спрема Законот за ограничување на општите и заеднички потреби во износ од 4 милиона и 500 денари. како за сите општини така и за општина К.Вода овие средства се пуштаат така како што пристигнуваат фактурите во Министерството за финансии, со тоа што еве јас ќе ви ги набројам кои се поединечно за да господинот Шапуриќ има целосен увид во тоа и да си ја провери документацијата во Собранието на општина К.Вода и да утврди дека заклучно со денешниот датум ќе имаат само по една фактура неисплатени средства.

За фекална канализација средствата се пуштени на 25.06. 1996 година во износ од 126.360 денари. За фекална канализација со фактура со која најмногу г-динот Шапуриќ инсистира и го префрла на партиска основа, бидејќи и тој бара 600 илјади, неговиот предлог е 700 илјади, од Министерството за финансии навистина се пуштени 700 илјади денари на 25.06.1996 година. За водоснабдување за Зелениково и Орешани се пуштени 300 илјади денари на 25.06. за Сопиште средствата се пуштени исто така на 25.06.1996 година во износ од 273.789 денари. Колку што гласаше и фактурата. За водовод на Сопиште исто така 239.310, инаку барањето беше на 600 илјади денари. А овие денови е пуштена и разликата од 86.901 денар вчера или денеска како што дојде фактурата, иако фактурата беше на повисок износ отколку што е вкупниот износ што го бараше г-динот Шапуриќ во неговиот заклучок од Собранието.

За изградба на патна мрежа во Пинтија средствата се пуштени на 9.07. во износ од 1 милион 173 илјади денари, колку што гласаше и фактурата. За одвод на атмосферски води за Пржино средствата се

пуштени на 28.08.1996 година во износ од 700 илјади денари. За местото Заедница Моране, кое што дојде овие денови на 19.09.1996. се пуштени средства од 99.994 денари. За Пржино се пуштени средства, или денеска или вчера, бидејќи фактурата сега стигна во износ од 700 илјади денари. Значи не се пуштени само средства од 10 0 илјади денари во висина на делот од вашиот заклучок г-дин Шапуриќ каде што имате оставено дека тоа конкретно ви значи за понатамошни активности на означени проекти. Така да од сето ова може да се заклучи се она што е барано од страна на општината Кисела Вода, а се бараше и повеќе од тоа што беше понудено во Вашиот заклучок, а тоа ќе го аргументирам со следните фактури кои што баравте уште 600 илјади исто така за феклана канализација, го немавте во заклучокот, баравте уште 300 илјади кои што ги немавте во заклучокот. Само Ве молам проверете си ги фактурите, фактурите го носат истиот број и двете фактури се со различни суми. Според тоа, Ве молам проверете си ја вашата целосна документација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тешко ке можете фака вие со фактури да се убедите овде.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Г-ѓата заменик министер кажа дека вчера и денес се платени значи некои нови работи не сум можел да ги знам, бидејќи не се пристигнати. Инаку, Г-ѓо заменик министер се работи за повеќе работи. Прашањето не го разбравте. до крај. Се работи за фактури кои се одобрени по друг основ. По: одлуката на Владата за водоснабдување и по одлуката на Владата за изградба на фекални канализации. Не само од вишок на буџетски средства. Тие пари се одобрени од Министерството за урбанизам и од Владата, а стојат во Министерството за финансии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе се одговори во писмена форма.

V/6.-

**ИЛО ГАЈТАНОВСКИ:**

Во врска со првото прашање како што разбрав зошто вработените во Министерството за внатрешни работи не добиваат надомест во износ од 30%. Согласно законот за внатрешни работи овластените службени лица добиваат надомест до 30%.

Што се однесува до второто прашање. До каде е работата со потпишувањето на колективниот договор за вработените во Министерството за внатрешни работи овој договор е во фаза на усогласување , околу некои отворени прашања, меѓу кои и прашањата кои ги спомна г-динот Шапуриќ, кога ќе се усогласат гледањата ќе се потпише договорот

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине претседателе, г-да пратеници ќе кажам само едно прашање со две потпрашања. Се однесува до Владата на Република Македонија за тоа на каков начин е извршена трансформацијата и приватизацијата во трговското претпријатие Центропромет од Прилеп. Само еден краток увод. 1991 година тогашното општествено претпријатие за трговија на големо и мало и увоз-извоз Центропромет од Прилеп е регистрирано пред Окружниот стопански суд во Битола како акционерско друштво Центропромет Прилеп. А додека во 1993 година не знам од кои причини и не знам по кој повод тоа исто претпријатие е појдено под стечај, како трговско претпријатие Центропромет што е направена една манипулаицја и жалбата по ова решение до ден денес не е ни позитивно ни негативно решена, а со тоа е овозможено подоцна по пат на офор-мување на одбор на доверлители да се направи трансформација, односно да се направи приватизација на ова претпријатие. И потпрашањето во контекст на истото прашање кој ја има извршено проценката на оваа трговско претпријатие, каде што е направена огромна разлика во вистинската цена од реалната цена на чинење на трговското рпетпријатие "Центропромет" и цената која што е дадена од

V/7.-

страна на Комисијата при Агенцијата за приватизација. Тоа потпрашање е која комисија или кое вешто лице ја има направено проценката и дали тоа одговора на реалната вредност на претпријатието. Ова се прашања за кои што стојат потписите на околу 1000 вработени во центропромет кои што денес ни криви ни должни не се внесени ни во својство на стечајни работници, не се ни во својство на технолошки вишок. воедно, во склоп на тоа прашање каде оди киријата која што се зема од определени дуќани или деловни простории на центропромет денес каде што се пресметува дека месечно некаде се зема преку 30 илјади марки. Бидејќи друштвото Центропромет, независно дали како трговско претпријатие, или како акционерско друштво формално не постои, постои само еден дел од тогашната холдинг компанија тоа мислам дека е Центроимпекс и не се знае каде оди киријата од ова друштво.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас многу пати го поставувам тоа прашање кога ќе се донесе законот за води до Министерството за земјоделие. Министерот многу пати ми ветуваше дека тоа е биде во првите месеци на годината, уште во минатата година. Сега дојдовме друга година меѓутоа проблемот остана.

Мислам дека е коректно од Владата да се донесе овој закон, а прашањето кога ќе се стави во Собраниска процедура ние како пратеници да го донесеме тој закон и да ги решиме сите дилеми и проблеми сврзани за водокористењето, бидејќи денеска еве ескалира проблемот околу наплатата. Она што значи обавезниот дел, она што значи користењето на водата. Најголемиот дел од населението, посебно во кумановскиот регион, онаа изборна единица што јас ја покривам,а бидејќи најголемиот дел го користи тоа, имаат голема забелешка на обавезниот дел кој го смета дека е многу висок и прави голем проблем. Така да Ве молам г-дине министре Да со залагате и да ми дадете одговор. Навистина објективно кога ќе биде тој закон.

V/8.-

Второто прашање се однесува до Министерството за стопанство. Мислам дека вообичаено, барам за кумановските услови зборувам, дека најголемиот број селски население места, да не зборувам за Уминдол, Ново село, Љубодраг, Черкеско село и тн., тоа се села кои напојувањето со електричната енергија е многу нарушено. Граѓаните се во позиција да не можат да ја користат електричната енергија и почнуваат да ги палат старите ламби. Во таа смисла има големо оштетување на електрични апарати и прашањето е следно:

"Кој е надлежен да го подобрува напојувањето со електрична енергија во сите овие населени места каде е нарушен овој однос и кој треба да го финансира тоа, Дали Министерството за стопанство дали електро дистрибуција или лицата кои треба да ја користат енергијата, бидејќи барем за сега постои голема забуна во тој дел.

VI/1.-СП/МЛ

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Прашањето ми е кој треба да го подобри напојот на електричната енергија во овие населени места.

Трето прашање е сврзано за министерката за образование, меѓутоа таа не е присутна и пак барам писмен одговор.

Ние го донесовме Законот за спорт, меѓутоа, во Законот зацртавме да донесеме и закон за управување и користење на спортските објекти. Сега за сега спортските објекти се во многу неповолна ситуација во Република Македонија, капиталот е огромен, меѓутоа, требаше да се донесе закон за користење и управување со спортските објекти. Поминаа шест месеци, веќе поминаа и наредените шест месеци меѓутоа Министерството се уште не реагира.

Прашањето е дали Министерството во оваа година ќе го предложи, а ова Собрание ќе го донесе овој закон многу важен и актуелен за да не се уништи и така многу актуелни објекти во однос на спортувањето.

Уште едно прашање во кумановско посебно во новоформираните општини, се работи за Клечовце, Орашец, дел од населени места кои живеат во Старо Нагоричани и дел од светиниколската општина - новоформирана. Најголем дел од граѓаните, а се работи за 40 до 50 населени места не можат да ја следат програмата на Македонската телевизија. Проблемот е во тоа, еве јас шест години сум тука пратеник во секое време го поставувам тоа прашање, меѓутоа~прашањето остана како прашање. Граѓаните поставуваат прашање кога ќе се разреши овој проблем и овие граѓани од овие 50 и неколку населени места ја гледаат програмата на Македонската телевизија заради тоа што за сега единствена можност е да гледаат програма на Белград и програма на Софија, односно Бугарија и Србија. Не е штета што гледаат повеќе

програми, меѓутоа, штета е што не можат да ја следат Македонската телевизија. Ве молам во таа смисла дали соодветното министерство ќе превземе нешто за надминување на овој многу важен и актуелен проблем.

Само усно барам одговор од министерот за земјоделие, а другите ги барам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Паракеов, министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Изготвен е текст за донесуваше на закон за водите, работата, едноставно да кажам, запна во делот на усогласувањето на неколку министерства кои се дотакнуваат до оваа материја, односно се работи на делот на одржувањето на акумулациите, браните и главните канали и други корисници ги користат водите, меѓутоа, во одржувањето практично сето се слева во цената која го товари водниот надомест и ние како Министерство за земјоделие инсистираме на тој дел тоа прашање да го разрешиме и законот може да тргне во процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво прашање до Министерството за сообраќај и врски. Кога конечно ќе биде пробиен Булеварот на влезот во Тетово од Скопје, во меѓувреме се изгради автопатот Гостивар - Тетово, овие денови имам информација дека ќе се гради автопатот Тетово - Скопје, во Тетово Булеварот не може да се реализира.

Второ прашање до Министерството за земјоделие јас очекував мојот колега од Ресен да го актуелизира и покрај штетните прашањето на пласман и откуп на јаболката затоа што овој ресурс неоправдано често пати се занемарува во нашите вкупни потенцијали.

Трето прашање до Министерството за правда, подобро ќе беше да беше тука затоа што се работи за претстојните локални избори многу подготовки доцнат на пример рокот за определување на локации, плакатирање и слично сеуште општините го немаат одредено.

Следното прашање од оваа сфера до Министерството за финансии, сеуште жиро сметка за локалните избори не може да се отвори ниту подсметка со изговор дека постојат технички пречки.

Прашање до Министерството за финансии кога го донесовме Законот за царина беше речено дека со подзаконски акт или во склоп на Законот за надворешно трговско работење ќе биде регулиран начинот на враќање на царина на оние стоки кои се наменети за извоз. Овие денови слушаме комбинација дека она што значи 5% царинско оптоварување не ќе биде вратено, тоа значи 5% оптоварување без да бидеме информирани тука. При донесувањето на Законот за царинска тарифа воопшто не стана збор дека еден дел од овие средства нема да биде повратен на извозниците. Не треба да објаснувам што значи ова за натамошното влошување на состојбата на нето извозниците.

Следното прашање е до Министерството за образование, има неколку прашања, штета што не е тука министерката, веројатно на повеќето ќе можеше да се даде устен одговор.

Во Тетово три средни училишта Гимназијата, Медицинското и новото Економско училиште во примена е нов современ метод на настава каде се учи два дена, па се паузира некој нов цикличен метод, веројатно современата настава е веќе присутна.

Второ прашање,долго време не е назначен директор на Републичкиот завод за школство зошто тоа не се прави.

Трето прашање од овој дел, барам информација за квалификационата структура на наставниот кадар во средното образование во Тетово, бидејќи имам информација дека состојбата не е најповолна имено не е во согласност со Законот, особено за она што значи кадар за изведување на настава по наставниот предмет математика, физика и други дисциплини.

Следно прашање на кој начин и по кои критериуми е избран директорот на Средното економско училиште во Тетово во формирање.

Последно прашање до министерката за образование кое реков ќе го поставувам секогаш, кога ќе биде донесен подзаконскиот акт за водење на педагошка евиденција во согласност со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија.

Прашање до Министерството за стопанство зошто се минимизира и воопшто не се помага во разрешувањето на проблемот на модната конвенција ЕДКО која вработува 85 луѓе која е во крајно неповолна состојба доделувајќи на тој начин празни импровизации, наметнувања и решенија кои не значат перспектива на овој колектив кој и по бројот на вработени и по извозот е на трето место или беше на трето место во општина Тетово.

Последното прашање до ова Министерство или Владата зошто во Јавното претпријатие Електростопанство конкретно во погонот во Тетово Електрополог е назначен или именуван за В.Д. директор - лице кое не ги исполнува условите ниту со систематизацијата ниту со Статутот ниту со Законот за енергетика, бидејќи се бара дипломиран електроинженер, ова

лице има виша електро насока. Само да напоменам заради Ваша информација дека ова лице е челникот на СДСМ за Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници кои сте тука и не сте тука, почитувани министри.

Општо е познато дека во Република Македонија има три верски заедници. Т.е. само да ве потсетам Македонска православна црква Исламска заедница и Римокатоличка заедница. Веројатно сите знаеме дека имаат свои устави, имаат нивно организирање, нивна хиерархија, меѓутоа, во Исламската заедница се случува еден преседан во текот на 1996 год. Вешто во некоја инстанца од Министерството за внатрешни работи се регистрира една напоредна, паралелна таканаречена муслиманска заедница. Такво решение обжалено од Исламската заедница и откако е обжалена е бришана од евиденција и со Заклучок на Владата и со надлежниот орган. Меѓутоа, пред некој ден, иако имав и други информации, читам во весникот "Вечер на една страница каде се огласите истата која е бришана од евиденција и која и господ да го прашаме не би можело да постои таква муслиманска заедница во рамките на Исламската заедница се бара благајник, хигиеничар, сметководител. Ако се бара благајник тогаш значи дека се располага со пари.

Прашањето е до Владата, односно до Министерството за внатрешни работи што 6 преземено за спречување на функционирањето на оваа т.н. муслиманска заедница која е бришана од евиденција т.е. регистарот каде се регистрираат здруженија, заедници и т.н.

Едно прашање, но министерот за одбрана не е тука, во писмена форма, во пограничното село Танушевци од разговорите што ги имавме со луѓето кажуваат дека од време на време немаат електрична енергија. т.е. напојување затоа што дел од далноводот оди во друга држава, па пак се враќа во Република Македонија така што објективно ако има дефект не може да се интервенира од оваа на другата страна. Таму има караула. Меѓутоа, имам само прашање дали е направено нешто од Министерството за одбрана затоа што презема таква обврска за да имаат стандардно напојување со електрична енергија, граѓаните од село Танушевци.

Првото прашање молам одговорот да биде устен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Гајтановски, зам. министер за внатрешни работи.

**ГАЈТАНОВСКИ ИЛО:**

Би го молел пратеникот да прифати да дадеме писмен одговор, во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани малку пратеници многу министри. Утре е Крстовден. Голем верски празник. Ја користам можноста на сите земјоделци и на претседателот на Собранието на Република Македонија да му го честитам овој верски празник (претседателот се заблагодарува), со желба од сабота натаму да ги послужи добро време за навремено извршување на есенската сеидба, собирање на летината и побрза исплата на сето производство што е дадено на откупните станици.

Мислам дека желбата беше добро, меѓутоа, за да се посее навреме и добро јас на последната седница на Собранието на Република Македонија на која се поставуваа пратенички прашања поставив едно прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-динот Никола Паракеов за тоа какви мерки ќе преземе ова Министерство за навремено и квалитетно извршување на есенската сеидба во услови кога годинава родот на пченицата беше катастрофален во нашата држава, односно во сите реони почнувајќи од Пелагонија, завршувајќи со струмичкиот реон имавме катастрофално ниска жетва односно годинава имаме остварено една од најслабите жетви во нашата држава.

На ова прашање не добив одговор, затоа го повторувам и мислам дека денеска нашиот ценет министер ќе треба усно да им одговори на нашите земјоделци дали Владата на Република Македонија размислува есенва да додели некои средства за набавка на семенска стока, минерални ѓубрива и гориво за навремено извршување на есенската сеидба.

Тоа е едно прашање.

Второто прашање се однесува на исплатата на пченицата. Годинава и покрај тоа што имаме мал род на пченицата оваа култура сеуште не е исплатена. Дали најавата на нашата Влада дека до крајот на месецот ќе биде исплатена целата пченица што беше откупена од страна на стоковите резерви ќе биде исплатена.

Трето прашање со оглед на тоа што заради лошата аграрна политика пченицата се помалку се сее на нашите полиња прашувам дали Владата на Република Македонија размислува за идната година повторно да ја воведе премијата на пченицата што беше укината годинава благодарение на министерот што си отиде од ова место.

Четврто прашање, како што знаете веќе две години од оваа говорница го поставувам прашањето со преселување на с.Биљаник село што се наоѓа во непосредна близина на РЕК Битола. Владата на Република Македонија заедно со РЕК Битола направија напори ова село да се пресели во Битола. Меѓутоа, изградбата на новите куќи во Битола што се потребни за селење на ова село оди многу бавно и никој не знае дали до крајот на годината Биљаник ќе биде преселено од ова неподнослива средина за живеење. Некој на биљаничани е должен уште денеска да им каже дали до крајот на годината ќе се преселат во Битола со цел уште сега да знаат што да прават со добитокот што ќе им остане во нивното село.

Имам едно друго прашање за министерот за финансии, прашањето гласи, зошто се зголемени давачките на земјоделците за данок од вршење на земјоделска дејност, данок на имоти и данок на тракторите.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Мислам дека овие давачки н. да се зголемат без да се донесе одлука од Владата на РМ што ќе биде утврдена и во овој Парламент за зголемување на катастарскиот приход во земјоделството. Овие давачки, полека, полека се ѕидаат и никој не знае врз основа на кој параметри. Сметам дека зголемување на данокот за земјоделска дејност е неправилен во услови кога 3 години по ред цените на сите земјоделски производи не само што стојат на една висина, туку и од ден на ден паѓаат се подолу.

На крајот, прашањето, што еден колега овде го наметна со електричната енергија. Битолските села и покрај тоа што се наоѓаат во непосредна близина на РЕК "Битола", односно центарот за производство на електрична енергија во нашава држава, години со ред немаат електрично осветлување. Старите велат, не дај дако оџакот на РЕК падне во Новаци или Добромери ќе ги потисне овие села, а во овие села нема доволно струја за работа.

Прашувам: дали Електростопанство на Македонија размислува овој проблем што побрзо да го реши. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само на првото прашање барате одговор во усмена форма, другите во писмена форма.

Г-дин Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Есенската сеидба, особено делот на -зафаќање на површини со пченица односно производство на лебно жито е доста значајна мерка во

наши услови и од тој аспект и ние во Министерството, а и Владата расправаа за една информација која што даде одговор на тоа колку површини ќе бидат зафатени со есенска сеидба со нагласок на површините под пченица и за условите во кои што есенската сеидба ќе се одвива оваа година.

Констатирано е дека, ја прифати Владата таа информација и во неа стои дека се предвидуваат цирка 100 илјади хектари да бидат зафатени со есенска сеидба, од кои 130 илјади под пченица. Површини кои што во едни нормални, пред се временски, климатски услови можат да ги обезбедат потребните количини за лебно жито во државата Македонија. Меѓутоа, дека одредени состојби на патот на остварување на оваа цел сериозно се надвиснуваат и се закануваат тоа да не оствари заради што на одреден начин она што и досега е остварено преку стоковите резерви на планот на обезбедување на дел на потребната нафта дел од потребните ѓубрива и средства аз заштита, сукцесивно како ќе доаѓаат спрема технологијата на производството на оваа култура да можат и ќе бидат обезбедувани.

Исто така е констатирано дека пазарот е доволно снабден со овие материјали и репроматеријали и овде исто така е значајно да кажам дека учесниците во есенската сеидба кои што на некој начин еве спомнувајќи ги државните резерви односно државата кој што имаат задолжувања, а кои не им се регулирани дека навистина во кои изострените услови во кои што, ете, често говориме пазарен начин на стопанисување се еден вид на фонд на пари кои што мора најекономично да се вртат за потребите на земјоделието во текот на целата година и затоа доколку тоа не се случува веројатно ќе има одраз и во интервенцијата и во можностите на државата да интервенира на овој план.

VII/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров, задоволни? (Да)

Има збор г-дин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, г-да министри, драги пратеници, јас имам две пратенички прашан»а до министерот за земјоделие.

Она што г-динот пратеник од Преспанскиот крај го кажа истото се случи и во Битола, меѓутоа, не во толкава мера опфатена е новоформираната општина Бистрица и тоа од реонот Крстовар - Бистрица - Драгош - Олевени - Барешани - Граешница, Канино - Лажец, цел потег до грчката граница претежно исто така и во овој дел се овошните дрва, грдинарството, посебно пиперките, доматите, каде што оштетување и во овој реон се цени негде од 20-90%. Се цени дека е направен штета цирка негде околу 2 милиони марки.

Во поширокиот дел од општината Битола опфатен е од градот од невремето и селото Долно Србци и Беранци како и новоформираната општина Цапари со селата Кажани, Ротино, Нижоколе, Магарево и уште некои други села. За оваа цел секако дека подрачното министерство во општината Битола има некои активности, нмеѓутоа, покрај тоа што министерот рече дека на овој дел посебно делот на овоштијата, јаболката, ќе одат во фабриката во Ресен, меѓутоа, цената која што фабриката Царев двор ја определува е многу ниска цирка најверојатно негде 2 денари или 3 денари, а вие знаете кота е пазарната цена на јаболката така да нема некое обесштетување да се јави, се јавува само бидејќи од градот јаболката се посебно оштетени за побрзо да не дојде

до поголема штета. Мислам дека како Министерството за земјоделие исто така и Владата треба и во овој дел во Републиката да помине Комисија, да се утврди состојбата и да се најде начин да се надокнади штетата во рамките на она што има можности, како Министерството за земјоделие исто така и Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Јас ќе поставам само две прашања. Пред сеидбата и после сеидбата на оризот поставив едно прашање околу обезбедувањето на семенски, квалитетен семенски материјал. Ветувањето беше добро, и навистина земјоделците од тој дел на Македонија беа среќни од ветувањето дека Владата ќе им помогне со обезбедување на квалитетен семенски материјал. До тоа не дојде. Земјоделците како умееја нешто со квалитетен семенски материјал, нешто со неквалитетна оризова арпа ги посеаја површините и благодарение на добрите климатски услови се очекува релативно добар род оваа година, некаде околу 20-25 илјади тони оризова арпа. Меѓутоа, сегашната состојба околу жетвата, по мое согледување, е многу лоша, во смисла на обезбедувањето на комбајни. Нас подрачјето на општина Кочани каде што има околу 4 илјади хектари под ориз има 160 комбајни од кои 54 во задружен сектор, а 106 во приватниот сектор. Од овие 160 комбајни голем дел се неисправни .

Околу 30% од овие комбајни што се исправни имаат гусеници, кои можат да влезат веднаш во оризовите полиња, а другите се со гумени

тркала и тешко ќе можат во оваа состојба, во оваа фаза, во ова врнежливо време да влезат во оризовите полиња. Што значи со комбајни многу тешко се стои и ако вака продолжи состојбата со времето навистина жетвата со оризот ќе се пролонгира долго време, и постои опасност како и минатата година таа да остане на нивите односно оризот да остане не ожнеат.

Затоа го прашувам Министерството за земјоделие, прашањето го упатувам до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство дали овој пат Владата ќе смогне сили барем нешто да им помогне на луѓето, на измачените земјоделци околу прибирањето на оризот. Во која смисла таа би била таа поддршка и помош. Во обезбедување на комбајни ако е можно од другите општини, понатаму обезбедување на гусеници железни од СР Југославија, ако е тоа можно, бидејќи се произведуваат исклучиво таму. Понатаму, обезбедување на резервни делови за овие комбајни бидејќи се цени дека нема доволно резервни делови. Понатаму, обезбедување на сместувачки капацитети бидејќи со години наназад не се произведувало, тогаш немаше така големо производство на ориз, оваа година бидејќи цениме дека ќе има доволно количини околу обезбедувањето на сместувачките капацитети. И на крај, ако е можно Владата да помогне околу организирањето на откупот и ако е можно да помогне во изнаоѓањето на пласманот на овој квалитетен кочански ориз. Тоа се проблемите кои ги мачат оризопроизводителите од општина Кочани, Виница и Штип, па ЈН другите места каде се одгледување оризот.

Јас верувам дека овој пат Владата барем нешто ќе помогне. Одговорот на ова прашање го барам во усмена форма, бидејќи нема многу аир од писмените одговори, се чека многу долго  и навистина ние и

оние кои се заинтересирани не го знаат исходот на тој одговор.

Друго прашање до Министерството за сообраќај и врски и до МВР. на магистралниот пат Штип - Кочани, со години наназад се случуваат голем број сообраќајни несреќи можеби најмногу од сите други сообраќајни правци во РМ и во овие сообраќајки несреќи можеби гинат и најмногу луѓе, скоро секоја недела, а да потенцирам дека само последната недела во 3 сообраќајни несреќи настрадаа 3 лица. Патот е навистина лош, меѓутоа не се обележени ни овие црни точки.

Јас се обраќам до овие 2 министерства со прашања дали е согледана состојбата на овој патен правец, безбедноста на возењето на овој патен правец Штип - Кочани, и дали е можно овие црни точки и овие места каде постојано се случуваат сообраќајни несреќи овој пат да се прошири, да се регулира бидејќи во последните години фреквенцијата на возилата на овој патен правец од Штип кон Кочани, кон Делчево до Република Бугарија навистина е многу голема.

Да не ни се случуваат вакви сообраќајки, да не ни гинат најчесто млади луѓе, јас апелирам, прво до овие две министерства да помогнат во изнаоѓањето решение, ако е можно, овој проблем навистина да се реши. Тоа е од интерес на сите нас.

За ова прашање верувам дека заменикот не е спремен да ми одговори, меѓутоа ако е можно усно добро, ако не го прифаќам овој одговор бидејќи е и комплексен самиот проблем не е така едноставен околу регулирацијата на овој патен правец држи место овој одговор да биде во писмена форма.

Благодарам.

VII/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Параќеов, министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Видете, после две години извонредно лоши услови за оваа значајна култура особено за тој дел на Кочани, оваа година работите како да си дојдоа на своето место, барем што се однесува на површините на кои е застапена оваа култура и веројатно од тука не случајно ги спомнувам овие 2 години кога што настана едно такво разлабавуваше на една состојба која што со помали напори, со помали капацитети можеше и беше во можност да се совлада задачата што претстоеше во однос на жетвата, на прибирањето и откупот на оризот.

Токму заради тоа оваа година и во организација на Министерството и на Комората групацијата аз ориз при Стопанската комора својата седница во функција на жетвата на оризот и сите проблеми кои што произлегуваат од тоа беше одржана токму во Кочани, односно во едно населено место близу Кочани и каде беше поставено ова прашање и со многу голема сериозност се пристапи. Сепак морам да кажам дека овде, од оваа говорница, престрого е оценето дека состојбите се доста лоши дури да речеме и алармантни и тоа во моментот кога жетвата е веќе отпочната.

Прво се бара усмен одговор за прашања за кои што навистина во овој момент не се може да се даде дали другите реони, другите комбајни, од другите региони каде што оваа култура не е застапена, каде таа механизација е слободна, сигурно е дека може да се смета на таа механизација. Дури би рекол и анализирајќи 4 илјади хектари на 160

комбајни на општината, поделате колку тоа изнесува по една машина ќе видите дека и таа при едни нормално поволни услови и таа може да ја совлада оваа работа.

Што се однесува до откупот и сместувањето констатирано е дека капацитетите се доволни и спремни и дека сега со најновите договарања при нормализирање на односите со СР Југославија која што беше еден од најголемите потрошувачи на нашиот ориз кој што таму е познат, кој што таму е оценет по својот квалитет, сметаме дека посериозни проблеми на овој план не би требало да има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Задоволни сте? .(Да)

Има збор г-динот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани министри, почитуван претседателе, иако се чини ги урочија пратениците, па и вие останавте малку, па јас ќе ја искористам можноста да поставам прашање иако гледам дека министрите до кого треба да го упатам прашањето не се тука, и министерот за сообраќај и врски и министерот за урбанизам, не сум до крај начисто ни јас до кого да се обратам, но во секој случај ме интересира пратеничкото прашање, како е категоризиран патот, стариот пат Скопје - Тетово дали е пат од локален карактер или дали е пат од регионален карактер. Ако е пат од локален карактер или од регионален карактер, би поставил прашање до

Министерството за сообраќај и врски што мисли и како мисли да го реши проблемот бидејќи сите буквално сега веќе цела општина Сарај сега веќе гравитира и влегува во градот низ патот кој проаѓа низ стариот пат и се поврзува со градот преку стариот железнички мост изграден уште во 1Г: Светска војна.

Имајќи вокпредвидодека околностите се сменија и бројот на возилата е драстично зголемен тој пат се повеќе и повеќе станува тесен, но не само тесен, туку и опасен, уште повеќе кога се знае дека по тој пат поминуваат огромен број на пешаци, а многу повеќе ученици некаде 1.700 ученици кои одат во Основното училиште "Борис Кидрич", го користат тој пат и не случајно неколку пати има и такви случаи кога тие стануваат жртви на тој огромен сообраќај.

Поставувам прашање дали Министерството размислува и има идеја и некој проект како ќе го реши тој проблем со проширување или поставување на тротоари или слично со тоа што стариот пат кој проаѓа низ Сарај да биде безбеден аз движење за учениците и сите други кои учествуваат во сообраќајот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака да постави прашање?

Г-дин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Јас се извинувам г-дине претседателе, едно прашање исто така има во врска со обезбедувањето на семенски материјал.

Со оглед дека есенската сеидба е. на прагот, дали доволно РМ располага со семенски материјал за да може сеидбата за пченица мислам да се изврши квалитетно бидејќи еден од условите за доста нискиот принос минатата година беше и не употребата на квалитетно семе, употребата на меркантилна пченица. Од оваа говорница од страна на министерот е речено дека кај самите земјоделци ќе има поголемо расположение бидејќи се плашат дека ќе нема доволно семенски материјал ценејќи дека од Србија оригинални и елитни семенски материјали многу тешко ќе дојдат во Македонија.

Благодарам.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Пак ќе се навратам на нормализираните односи кои што ги имаме со Југославија кои што минатата година на одреден начин беа и пречка да се дојде до тие квалитетни семиња од прва елита, оригинални семиња, што оваа година не е случај веќе со неколку одобренија, неколку барања. задоволени, организациите регистрирани со промет за семенски материјал мислам дека во оваа смисла нема да има проблем. Семе ќе има доволно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака да постави прашање? (не)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,30 часот)